АВГУСТ 2022 | БРОЈ 3

# ПРОГРАМА ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА БАЛКАНСКИОТ РИС

*Билтен*

**НОВОСТИ И РЕПОРТАЖИ:**

стр. 1 - Крајот на една ера и почетокот на нова
стр. 3 - Голем исчекор во мониторингот на диви животни во Косово
стр. 4 - Ловците здружено во спас на алфа предатор
стр. 5 - Како балканскиот рис ми стана секојдневие
стр. 6 - Ја славиме нашата најголема загрозена мачка на Меѓународниот ден на рисот
стр. 7 - Нов мораториум на ловот во Албанија: на терен или само на хартија?



© LL/BLRP

## КРАЈОТ НА ЕДНА ЕРА И ПОЧЕТОКОТ НА НОВА

*Автор: Мануела фон Аркс*

Изминаа шестнаесет години од почетокот на Програмата за закрепнување на балканскиот рис, заедничкиот прекуграничен проект кој преку интегративен пристап се стреми да го спаси балканскиот рис. Што постигнавме? Балкански рис има сè уште, а сега знаеме и повеќе за распространувањето, екологијата и потребата од заштита. Подигнавме капацитети и ги зајакнавме регионалните невладините организации. Освен што стекнавме знаење за балканскиот рис, кај локалните заедници и кај најмладите успеавме и да ја подигнеме и свеста за неговата критична состојба. Успешно се изборивме балканскиот рис да биде вметнат на Додаток II од Бернската конвенција и дадовме придонес при прогласувањето нови заштитени подрачја од важност за рисот. Посебен акцент ставивме на соработката со мештаните и со релевантните групи од интерес за рисот, како ловциите, и на спроведувањето заеднички активности – и сето тоа се исплатеше.
Што не постигнавме? Иако забележавме благ пораст во јадровото подрачје од популацијата, Националниот парк „Маврово“ во Северна Македонија, и проширување кон подрачјата на југ, сепак се чини дека популацијата стагнира и брои мал број единки – далеку под 50 зрели единки, односно под прагот на бројност за да се избегне критично загрозен статус.




Сè уште се актуелни главните закани, како криволов на рис и на главниот плен (дивокоза и срна), развој на инфраструктура со која се уништуваат поволните живеалишта, ловство и шумарство што се коси со начелата на одржливост, и слабо спроведување на законот.

Сепак, не се откажуваме и уверени сме дека балканскиот рис вреди со сиот вложен напор да се спаси од истребување. Се надеваме дека граѓанското општество, релевантните групи од интерес и властите ќе се вклучат во овие заложби. И понатаму ќе се залагаме да ги намалиме заканите за балканскиот рис, ќе ги истражуваме последиците од малубројната популација и ќе разгледуваме мерки за нивно ублажување.

За жал, ќе мора да се збогуваме со еден партнер, кој беше со нас уште од самиот почеток на Програмата за закрепнување на балканскиот рис во 2006 година и кој нè поддржуваше низ годините – и така значително придонесе за позитивен исход на многу нешта: голема благодарност до фондацијата „МАВА“ што имаше верба во Програмата за закрепнување на балканскиот рис и во нашиот тим! Не треба да се занемари помошта која траеше низ годините и поради тоа сме мошне благодарни и задоволни. МАВА ни помогна и да најдеме нов донатор со којшто ќе можеме да ја продолжиме нашата мисија за закрепнување на балканскиот рис. Ви благодариме!



# ГОЛЕМ ИСЧЕКОР ВО МОНИТОРИНГОТ НА ДИВИ ЖИВОТНИ ВО КОСОВО

*Автор: Бард Санаја*

Систематскиот мониторинг на диви животни е важен за да им се процени состојбата на зачуваност и да се преземат мерки за заштита. Со потпишувањето на Меморандум за соработка помеѓу ЕРА и косовското Министерство за животна средина, просторен план и инфраструктура (МЖСППИ) (Слика 1) се оствари напредок и се разви концепт за мониторинг на диви животни, кој ги опфаќа мечката, волкот, рисот и дивата мачка.

ЕРА изминатите години, во рамки на Програмата за закрепнување на балканскиот рис (БЛРП), презеде значајни чекори за мониторинг на балканскиот рис, и сега подобро се знае неговото присуство и распространувањето. Други видови остануваат неистражени. Рамката за мониторинг на балканскиот рис веќе е добро воспоставена и може да се применува и за други видови. За таа цел, ЕРА се согласи да формира работна група со МЖСППИ, која ќе ја преземе задачата да конципира рамка за мониторинг.

Во текот на БЛРП, институционалната соработка во Косово значително се зајакна. При сесиите за мониторинг потребна беше поддршката од локалните власти, управата на националните паркови и министерствата. Овој процес ќе се повтори и тоа дополнително ќе ја продлабочи соработката. Згора на тоа, добиените податоци ќе бидат од полза за Косово при остварување на стандардите за заштита и мониторинг, предвидени со Бернската конвенција и Директивата за живеалишта.



# ЛОВЦИТЕ ЗДРУЖЕНО ВО СПАС НА АЛФА ПРЕДАТОР

*Автор: Александар Павлов*

На Балканскиот Полуостров постои една автохтона и критично загрозена мачка, која притеснето опстанува во она малку што ѝ останало како дом. Петната со поволно живеалиште, раштркани по заштитени подрачја и ловишта, се места без посериозен човеков притисок, како единствено прибежиште за немошливата популација на балканскиот рис.

Низ соработка, на ловциите се стремиме да им предочиме колку се важни алфа предаторите во едно ловиште и така рушиме митови и надминуваме предрасуди за тоа како нивното присуство влијае врз дивечот. Преку заеднички мониторинг со фотозамки им помагаме да го сфатат проблемот и да стекнат личен влог во процесот. Отсега ловциите си го штитат рисот на свој терен! А секое партнерство е двострано. Заедничката работа низ годините ни помогна да ја осознаеме ловечката парадигма – ставовите и вредностите, практиките, но и тешкотиите со кои ловциите се соочуваат. Сето ова ни е од голема полза, бидејќи така градиме доверба и пријателства со ловциите, кои играат клучна улога во приказната за рисот. И, што е најважно, сега кон рисот има поголема благонаклонетост.

Со овогодинешниот заеднички мониторинг ние ја продолжуваме соработката што започна во 2017 година помеѓу Македонското еколошко друштво (МЕД) и четирите ловечки друштва кои управуваат со ловишта каде е потврден рисот: „Сокол-3“ (Кичево), „Питон“ (Охрид), „Малесија“ (Струга) и „Церн Камен“ (Вевчани).



© MES/BLRP

Оваа година мониторингот се засили и со уште едно ловечко друштво – „Еко Фазан“. Пред да започне мониторингот, на ловочуварите и ловциите од петте ловечки друштва им се презентира за биологијата и екологијата на балканскиот рис, при што се објасни методот и работата на терен. Потоа, тимот за рисот од МЕД на секое ловечко друштво му даде фотозамки и спроведе обука за користење за да остварат сесија во рамки на ловиштето. Фотозамките ги поставија на почетокот на февруари и таму останаа до крајот на мај.

Резултатите нѐ охрабруваат! Три од пет ловечки друштва успеаја да сликаат рис. Имаше вкупно 50 слики со рис. Највозбудливо беше кога на снимка се појави женка со две млади. Снимката ја направи дебитантот на сесијата, ловечкото друштво „Еко Фазан“. Фотозамките сведочат за широк дијапазон на диви животни, а срната, како главен плен на рисот, ја има во голем број. Оттука, бројниот плен и присуството на балкански рис во овие подрачја значи дека условите нудат можност за опстанок на неколку единки. Тоа значи и дека ловиштата близу јадровото подрачје на рисот може да обезбедат коридори со премини од упориштето – Националниот парк „Маврово“ – до други подрачја што би можеле да бидат дом на рисот.

Едно добро управувано ловиште може да одржи здрава популација на дивеч и на алфа предатор. БЛРП силно ја афирмира улогата на ловциите во зачувувањето на балканскиот рис, бидејќи, кога се работи за заштита на терен, тие се во првите борбени редови. Затоа треба да одржуваме добри односи и заемна доверба бидејќи потребни ни се сите сили ако сакаме оваа мачка да ја спасиме од работ на истребување!

# КАКО БАЛКАНСКИОТ РИС МИ СТАНА СЕКОЈДНЕВИЕ

*Автор: Наим Паљуши*







Се викам Наим Паљуши и работам како наставник во селото Запод, планинско село во областа Кукс. Имам дипломирано Албански јазик и книжевност и предавам во средно училиште. Природата ми е пасија. Честопати учествувам на состаноците на невладниот сектор со биолозите и заштитарите од областа, каде главна тема се заштитените подрачја и ендеми на кои им се заканува истребување. Дискусиите за ендемските растенија и неистражениот див свет по стрмните планински падини се теми на разговор кои во мене будат огромен интерес. Првата информација за балканскиот рис и неговото присуство во областа ја добив од биологот Арбен Паљуши (член на мрежата за мониторинг на рисот, Северен регион, Албанија).

Една од најдобрите случки во природа ми била средбата со ова животно.

Колеги и ученици, знаејќи за мојата пасија, ми кажуваа дека на двете падини од кањонот Ванај, и од страната на Коритник и на Галица, гледале и слушале рис, особено во последните 5–6 години. Во тоа дополнително ме убеди и мојот колега Алберт Мuја, кој настојчиво тврдеше дека двапати видел рис. На 20 декември во 7:20 часот наутро, пред комбето со наставници кое јас го возев помина рис. Одеше кротко и самоуверено. Се спушти од Галица, ја премина реката и почна да се искачува кон Коритник. Тоа беше моментот! Го препознав на растојание од 20 m и веднаш го запрев комбето. Со колегата Мuја излеговме да го снимаме. Наставниците велеа дека дошол за мене за да го видам со свои очи и да поверувам. Пред нас се движеше околу пет минути. Тоа беше многу среќен и возбудлив момент, небаре сум исполнил неверојатна цел.

Повторно го виделе балканскиот рис, и не само тука. Мислам дека е постојан жител на овие живеалишта.

# ЈА СЛАВИМЕ НАШАТА НАЈГОЛЕМА ЗАГРОЗЕНА МАЧКА НА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА РИСОТ

*Автор: Андреј Гонев*



© Hamlet Ahmedi

Подигнувањето на јавната свест за биолошката разновидност е меѓу главните столбови во работата на заштитарите. Многу денови во годината се посветени на бројни засегнати видови и ги има сѐ повеќе. Од 2018 година, секој 11 јуни се прославува Меѓународниот ден на рисот за да се одбележи значењето на најголемата мачка во Европа.

Јавната перцепција за овој критично загрозен ѕвер е во фокусот на Програмата за закрепнување на балканскиот рис и таа е клучен аспект за неговиот опстанок. Оваа година, МЕД и Националниот парк „Маврово“ здружено оваа тема ја доближија до помладата генерација преку едукативен настан во инфоцентарот во срцето на националниот парк. Настанот беше отворен и за сите членови на МЕД, посебно за оние кои имаат помали деца.

Стотина ученици од регионот, во придружба на нивните наставници, имаа прилика да научат за рисот преку куса и интересна презентација која ги истакнува клучните одлики и улоги кои ги игра оваа мачка, но и заканите со кои се соочува.

Преку прашања и дискусија, децата научија зашто е важен рисот и како да живееме заедно со него. За да се разигра атмосферата, тие можеа да видат како е да си рис во природното живеалиште, и се движеа по шумска патека со поставена фотозамка и маски од рис на себе. Највозбудливо беше кога низ забавна криенка дознаа како работи вистински ГПС-околувратник, каде едно дете се криеше со околувратникот додека останатите користеа радиоантена за да го пронајдат.

Ваквите активности се посебно значајни доколку сакаме нашата работа да им ја доближиме на мештаните. Луѓето нашироко ќе ги прифатат методите за мониторинг и заштита само ако добро ги запознаат. Исклучително важно е да се вклучат и помладите генерации ако сакаме кај нив да побудиме восхит за рисот и заинтересираност за да ја спасиме популацијата на балкански рис.


© Ekrem Veapi

# НОВ МОРАТОРИУМ НА ЛОВОТ ВО АЛБАНИЈА: НА ТЕРЕН ИЛИ САМО НА ХАРТИЈА?

*Автор: Александар Трајче*

Албанската влада неодамна предложи амандман за нов мораториум на ловот во Албанија. Се предлага да трае уште пет години, со што ќе се продолжи целосниот ловостој во Албанија по претходните два мораториуми (2014-16 и 2016-21 година). Иако, на прв поглед, ваквата одлука изгледа како мошне поволна за дивите животни, нештата на терен го кажуваат сосем спротивното. Претходните два мораториуми беа катастрофални кога станува збор за имплементација на терен и не беа ништо друго освен „добро“ решение на хартија. Со исклучок на првата година (2014-15), во следните години следеше драматичен пораст на криволовот на речиси целокупната територија на Албанија, особено во височрамнинските предели од внатрешноста на земјата, каде законот најслабо се спроведува. Според доказите, т.н. „тивки“ методи на уништување на дивечот (стапици, труење и сл.) драстично зачестиле за време на мораториумот. Бројни ресторани во Тирана и во руралните места нудеа месо од диви животни за време на целиот мораториум. Нивната побарувачка ја задоволуваат орди криволовци кои организирано отстрелуваат и заробуваат разни видови, без предвид да се земат заштитеноста и реткоста.

И балканскиот рис е жртва на таквата практика, на што укажува и познатиот случај со ресторан во Елбасан, каде имаше три препарирани единки во внатрешниот простор, од кои две најверојатно се застрелани во 2017, а една во 2020 година. Мораториумот на надлежните институции им дојде како оправдување да не се делува, бидејќи така тие повеќе не испраќаа патроли и не ја контролираа состојбата на терен.

Напоредното реформирање на Инспекторатот за животна средина и на шумарската служба создадоа вакуум за типот и надлежностите на институциите одговорни за надзор,



© PPNEA/BLRP

поради што сега не е јасно која институција е надлежна за вршење инспекција на терен, особено надвор од заштитено подрачје. Иако најважна цел со првите два мораториуми беше како периодот да се искористи за подобрување на законската рамка за ловството и да се зајакнат управувачките тела, во тој поглед речиси ништо не е направено. Недостигаат нов закон за ловството и јасна стратегија за долгорочно управување со дивите животни во земјата.

Според тоа, ППНЕА се противи на нов петгодишен мораториум и наместо тоа се залага да се подобрат законската рамка за ловството и управувањето со диви животни, бидејќи тоа е единственото долгорочно решение за одржливост на животинскиот свет во земјата. Притиснавме да се оформи Националнен совет за фауна, советодавна институција на Министерството за туризам и животна средина за прашања поврзани со диви животни, воспоставен во 2021 година, каде членуваат многу чинители – ловџии, заштитари, истражувачи и претставници од надлежните институции. Долгорочното решение за управување со диви животни во земјата може да произлезе само преку дијалог, разбирање и заемен договор меѓу сите засегнати страни, наместо преку одлуки што се носат озгора, како мораториуми, кои се добри само на хартија, а истовремено оставаат можност за непречен криволов на терен.

# Програма за закрепнување на балканскиот рис
# (Balkan Lynx Recovery Programme - BLRP)

„Програмата за закрепнување на балканскиот рис” е партнерски проект помеѓу фондацијата Еуронатур - Германија, организацијата КОРА - Швајцарија, Македонското еколошко друштво, ППНЕА – Албанија и ЕРА – Косово.

Повеќе информации на:
https://www.facebook.com/balkanlynx

Програмата за закрепнување на балканскиот рис е финансиски поддржана од швајцарската фондација МАВА.



BLRP

Environmentally Responsible Action

PPNEA
PROTECTION AND PRESERVATION OF NATURAL ENVIRONMENT IN ALBANIA
•SINCE 1991•

МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

KORA

euroNATUR

*Поддржан од:*

MAVA
FONDATION POUR LA NATURE

Изработува: EuroNatur Foundation Westendstraße 3 78315 Radolfzell Germany info@euronatur.org